MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0

Бр. 08-906/4
27.05.2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата на седумнаесетта седница одржана на ден 22.05.2019 година донесе

***Одлука***

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата во предметот со број 08-906/1 од 01.03.2019 година.

Предметот со број 08-906/1 од 01.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-906/1 од 01.03.2019 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК на седницата одржана на 28.02.2019 година, по добиена информација заклучи да изврши увид за тоа дали лицето Азиз Положани поднело анкетен лист и изјава за интереси.

ДКСК, од увидот во својата евиденција, констатира дека лицето Азиз Положани, во законски утврдениот рок по изборот на ректор на Универзитетот Мајка Тереза - Скопје не поднело анкетен лист и изјава за интереси со што постапило спротивно на член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК на именуваното лице му издаде и достави прекршочен платен налог.

Од страна на именуваното лице до ДКСК е доставен доказ за уплата на половина на глобата изречена со прекршочниот платен налог.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk